# КАМПУС 2
# ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ

## СТУДИСКА ПРОГРАМА

## ГЕОЛОГИЈА И ГЕОФИЗИКА

**Трет циклус на тригодишни студии**
**180 ЕКТС**
**(2024/2025)**

## 1. Структура на студиската програма согласно правилникот за организирање на докторски студии на единицата, број на предвидени предмети и стекнати кредити, како и број на кредити стекнати со изработката на докторскиот труд

Студиска програма **Геологија и геофизика** од трет циклус на Факултетот за природни и технички науки

| **семестар** | **Реден број или код** | **Назив на предмет/ активност** | **Задолжителни предмети /активности** | **Изборни предмети** | **Припадност на предметот /активност согласно ЗВО** |
|---|---|---|---|---|---|
| ПРВ семестар | 2FP302522 | Модели на тврда земја | 10 | | ч.136,ст.18,т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | 2FP302822 | Геофизички методи и тахники | 10 | | ч.136,ст.18,т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | Табела 4.2 | Изборен факултетски предмет од тебела 4.2 | | 5 | ч.136,ст.18,т.1 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| | Табела 4.2 | Изборен факултетски предмет од тебела 4.2 | | 5 | ч.136,ст.18,т.1 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| Вкупно 30 ЕКТС | | | | | |
| Втор семестар | 2FP301122 | Комплексна интерпретација на геофизчки податоци | 10 | | ч.136,ст.18,т.4 предавања и друг вид на комуникациски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | активности |
| | 2FP302622 | Методина старост на карпите | 10 | | ч.136,ст.18,т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | Табела 4.2 | Изборен факултетски предмет од табела 4.2 | | 5 | ч.136,ст.18,т.1 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| | | Подготовка на пилот истражувачки труд | 5 | | ч.136,ст.18,т.2 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| Вкупно 30 ЕКТС | | | | | |
| Трет семестар | | Презентација на пилот истражувачки труд | 30 | | ч.136,ст.18,т.2 независен истржувачки проект под менторство (докторски проект) |
| Вкупно 30 ЕКТС | | | | | |
| Четрвти семестар | | Подготовка и поднесување на пријава за тема на доткорски труд и истражување | 10 | | ч.136,ст.18,т.6 изработка на докторски труд врз основа на докторскиот проект |
| | | Учество на меѓународни собири во врска со доткорскиот труд, што се потврдува со сертификати за учество | 10 | | ч.136,ст.18,т.5 Учество на меѓународни собири во врска со доткорскиот труд, што се потврдува со најмалки еден сертификати за учество |
| | | Објавувањето на труд во референтна научна публикација | 10 | | ч.136,ст.13 ВО установа нема да дозволи одбрана на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | докторскиот труд на кандидат кој пред одбраната на докторскиот труд нема објавено два труда во референтна научна публикација чл.136, ст.18. т.5 објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд |
| Вкупно 30 ЕКТС | | | | | |
| Петти семестар | | Меѓународна мобилност најмалку еднонеделен престој | 10 | | ч.136,ст.18,т.3 меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој |
| | | Учество на меѓународни собири во врска со доткорскиот труд, што се потврдува со сертификати за учество | 10 | | ч.136,ст.18,т.5 Учество на меѓународни собири во врска со доткорскиот труд, што се потврдува со најмалки еден сертификати за учество |
| | | Објавување на труд во референтна научна публикација | 10 | | ч.136,ст.13 ВО установа нема да дозволи одбрана на докторскиот труд на кандидат кој пред одбраната на докторскиот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | труд нема објавено два труда во референтна научна публикација чл.136, ст.18. т.5 објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд |
| Вкупно 30 ЕКТС | | | | | |
| Шести семестар | | Јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект | 30 | | ч.136,ст.18,т.6 Јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект |
| Вкупно 30 ЕКТС | | | | | |

Табела 4.2 Изборни наставни предмети на студиската програма

| Реден број | Код | Назив на предметот | Семестар | ЕКТС | Научната област на која му припаѓа изборниот предмет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2FP302322 | Тектоника на Македонија | 1 | 5 | Регионална геологија |
| 2 | 2FP302422 | Геотермални модели | 1 | 5 | Применета геофизика |
| 3 | 2FP303022 | Геомагнетизам и гравиметрија | 1 | 5 | Регионална геологија |
| 4 | 2FP302722 | Методологија на стратиграфски истражувања | 1 | 5 | Регинална геологија |
| 5 | 2FP302722 | Сеизмика и сеизмотехника | 2 | 5 | Примента геофизика |
| 6 | 2FP301222 | Геодинамика | 2 | 5 | Регинална геологија |

**3.Научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма:**

**На македонски јазик : Доктор на технички науки од областа на геологија и геофизика, VIII според НРВК**

**На англиски јазик : Doctor of тechnical ccience- Geology and Geophysics**

**4.Решение за акредитација и Решение за почеток со работа**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

| Примено: | 26.10.22 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0801 | 694/1 | | |

[illegible] ... REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
... ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
... PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Број 08-551/4
21.10. 20 22 год.-viti

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 42 седница одржана на 14.09.2022 година, донесе

# **РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиската програма „Геологија и геофизика", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Геологија и геофизика", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по технички науки од областа на геологија и геофизика /во меѓународен промет академски назив: Doctor of tecnical science - Geology and Geophysics.

4. Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки.
Научно – истражувачко поле: 207 Применета геологија и геофизика
Научно – истражувачка област: Применета геофизика , Регионална геологија.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Гоше Петров, проф. д-р Виолета Стојанова, вон. проф. д-р Марјан Делипетрев, вон. проф. д-р Благица Донева.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

## Образложение

По предходно донесената Одлука бр. 0201-256/34 од 25.03.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Геологија и геофизика“, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809-397/4 од 31.05.2022 година (наш бр. 08 - 551/1 од 13.06.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 40-та седницата одржана на 24.06.2022 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 551/3 од 10.10.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 42-та седница одржана на 14.09.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Скопје/Shkup, 19 март 2024 година/viti
Бр./Nr.: 41-3094/5

До
Министерството за образование и наука
Скопје

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Геологија и геофизика“, на Факултетот за природни и технички науки при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, дадено од Владата на Република Северна Македонија, под бр.41-3094/4 од 19 март 2024 година.

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Подготвил: Христијан Николов, помлад соработник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

29.03.24
1707 94/19

Прилог: 1

Доставено и до:
- Факултетот за природни и технички науки при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
- Агенцијата за квалитет во високото образование


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati i përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3118022
www.vlada.mk

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 март 2024 година, даде

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Геологија и геофизика", на Факултетот за природни и технички науки при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Геологија и геофизика", на Факултетот за природни и технички науки, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решението за акредитација бр.08-551/4 од 21.10.2022 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, достави Барање бр.0809-734/1 од 11.11.2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр.08-1154/1 од 21.11.2022 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Геологија и геофизика", на Факултетот за природни и технички науки, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-1154/2 од 22.11.2022 година формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 24.11.2022 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-1154/3 од 29.11.2022 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет

Në bazë të nenit 145 paragrafi (7) të Ligjit për Arsimin e Lartë* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.82/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.178/21), Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 19 mars 2024, solli

**AKTVENDIM**
**për fillim me punë të programit studimor të ciklit të tretë të studimeve në "Gjeologji dhe Gjeofizikë" në Fakultetin e Shkencave Teknike dhe Natyrore në Universitetin Shtetëror "Goce Dellçev" në Shtip**

1. Me këtë aktvendim përcaktohet fillimi i punës së programit studimor të ciklit të tretë të studimeve në "Gjeologji dhe Gjeofizikë" në Fakultetin e Shkencave Teknike dhe Natyrore në Universitetin Shtetëror "Goce Dellçev" në Shtip.

2. Ky aktvendim hyn në fuqi me ditën e sjelljes.

A r s y e t i m

Pas marrjes së Aktvendimit për akreditim nr.08-551/4 datë 21.10.2022 nga Bordi për Akreditim të Arsimit të Lartë, Universiteti Shtetëror "Goce Dellçev" në Shtip, dorëzoi Kërkesë me nr.0809-734/1 datë 11.11.2022, deri te Agjencia për Cilësi në Arsimin e Lartë, regjistruar me nr.08-1154/1 datë 21.11.2022, për përcaktimin e plotësimit të kushteve për fillim me punë të programit studimor të ciklit të tretë të studimeve në "Gjeologji dhe Gjeofizikë" në Fakultetin e Shkencave Teknike dhe Natyrore në Universitetin Shtetëror "Goce Dellçev" në Shtip.

Drejtori i Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë, me Aktvendim nr.08-1154/2 datë 22.11.2022, formoi Komision për përcaktimin e plotësimit të kushteve për fillimin e punës në programin studimor të theksuar në pikën 1 të këtij aktvendimi.

Komisioni më datë 24.11.2023, ka kryer inspektim dhe përgatiti Raportin nr.08 -1154/3, datë 29.11.2022, ku konstatohet se janë plotësuar kushtet për fillimin e punës të programit e studimor të ciklit të tretë të

циклус на студии по „Геологија и геофизика“, на Факултетот за природни и технички науки при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10 и 168/10).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

studimeve në “Gjeologji dhe Gjeofizikë” në Fakultetin e Shkencave Teknike dhe Natyrore në Universitetin Shtetëror “Goce Dellçev” në Shtip në përputhje me dispozitat e përcaktuara me Ligjin për Arsimin e Lartë* dhe Rregullores për normat dhe standardet për themelimin e institucioneve të arsimit të lartë dhe për kryerjen e veprimtarive të arsimit të lartë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.103/10 dhe 168/10).

Në bazë të nenit 145 paragrafi (7) të Ligjit për Arsimin e Lartë*, Aktvendim për fillim me punë të programeve studimore të ciklit të tretë jep Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, pas marrjes së akreditimit nga Bordi për Akreditim të Arsimit të Lartë dhe pas marrjes së raportit pozitiv për plotësimin e kushteve për fillimin me punë të programeve studimore.

Aktvendimi detyrimisht publikohet në faqen e internetit të Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë.

Duke pasur parasysh të theksuarën, u vendos si në dispozitivin e këtij aktvendimi.

KËSHILLË JURIDIKE: Kundër këtij aktvendimi mund të ngritet kontest administrativ, duke paraqitur padi deri te Gjykata Kushtetuese, në afat prej 30 ditëve nga dita e pranimit të këtij aktvendimi.

**Бр/Nr 41-3094/4**
**19 март/mars 2024 година**
**Скопје/Shkup**

**Претседател на Владата на**
**Република Северна Македонија**
**Kryetar i Qeverisë së**
**Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Mr. Talat Xhaferi**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Христијан Николов, помлад соработник |
| Проверил: | Никола Пасков, раководител на одделение |
| | Катерина Јаневска, раководител на одделение |
| Контролирал: | Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор |
| | Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор |
| Согласен: | Снежана М. Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Преведувал: | Alma Useini, помлад соработник |
| Одобрил: | м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата |